## 1.3. Останати макроекономски движења

***Мал месечен пораст на бројот на вработени лица во февруари 2003 година***

Вкупниот број на вработени лица во Република Македонија во февруари 2003 година[5] изнесуваше 277.795, што е за 0,2% повеќе во однос на претходниот месец. Притоа, најзабележителен пораст на бројот на вработените е регистриран во дејноста земјоделство, лов и шумарство (1,4%). Во периодот јануари-февруари 2003 година, бројот на вработените е понизок за 4,9% во однос на истиот период од претходната година, што најмногу се должи на намалениот број на вработени во дејностите: рибарство (за 20,2%), вадење на руди и камен (за 19,7%) и земјоделство, лов и шумарство (за 16%).

***Просечната нето плата во февруари 2003 година номинално е пониска за 3,0% во однос на претходниот месец***

Во февруари 2003 година[6], просечната месечна нето плата по работник изнесуваше 11.407 денари и во однос на претходниот месец беше номинално пониска за 3,0% (при регистрирана месечна стапка на дефлација во соодветниот месец, реалниот пад на просечната плата е помал и изнесува 2,8%). Падот се должи на намалените плати во сите три сектори, при најзабележителен пад на платите во земјоделството (за 21,9%). И покрај регистрираниот месечен пад, во просек, во првите два месеца од 2003 година е регистриран номинален (и речиси идентичен реален) пораст на платите од 6,8% во однос на истиот период од минатата година.

Графикон 7
Просечна нето плата
(промена во %, месец / претходен месец)




Во февруари 2003 година, 25,4% од работниците во Република Македонија не примиле плата за соодветниот месец, што е за 0,7 процентни поени повеќе во однос на процентот на неисплатени работници во претходниот месец.

***Вкупните буџетски приходи во март 2003 година се зголемија за 41,2% во однос на претходниот месец...***

Во март 2003 година во фискалниот сектор беа остварени поволни движења на месечна основа, во насока на поизразен пораст на приходите во однос на порастот на расходите на централниот буџет. Имено, приходите на буџетот во март 2003 година остварија висок пораст од 41,2% во однос на претходниот месец и изнесуваа 5.705 милиони денари. Регистрираниот пораст е резултат на зголемувањето во сите главни приходни категории. Највисок пораст е остварен кај приходите од финансирање (прилив врз основа на донации), при што нивното учество во вкупните буџетски приходи се зголеми за 15,6 процентни поени. Сепак, најголем дел од приходите на буџетот потекнуваат од изворните приходи (82,2%), кои во март остварија месечен пораст од 18,3%. Повисоките изворни приходи се

[5] Последен расположлив податок.
[6] Последен расположлив податок.

резултат на зголемените даночни приходи (за 20,8%). Во рамките на позначајните видови даночни приходи, најзабележителен пораст е регистриран кај приходите од данокот на добивка (50,1%) и данокот на додадена вредност (32,4%). Зголемувањето на даночните приходи е вообичаено за овој месец од годината, кога даночните обврзници ја подмируваат даночната обврска врз основа на завршна сметка.

Графикон 8
Вкупни приходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...додека на кумулативна основа е регистрирано нивно намалување од 22,5%*

И покрај високиот месечен пораст на вкупните буџетски приходи, во периодот јануари-март 2003 година тие забележаа пад од 22,5% во однос на истиот период од минатата година и изнесуваа 13.864 милиони денари. Кумулативно намалување е регистрирано кај сите главни приходни категории, при што најголем пад забележаа приходите од финансирање (за 75,1%), чие учество во вкупната приходна структура се намали за 16,3 процентни поени. Од друга страна зголемено е структурното учество на изворните приходи за 16,1 процентен поен, кои исто така забележаа пад во набљудуваниот период (за 5,7%) главно заради укинувањето на данокот на финансиски трансакции.

Графикон 9
Вкупни приходи и расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*Во март 2003 година буџетските расходи се зголемија за 20,3% во однос на претходниот месец...*

Расходите на централниот буџет во март 2003 година изнесуваа 4.799 милиони денари, што е за 20,3% повеќе во споредба со претходниот месец. Структурно набљудувано, позабележителен пораст е регистриран кај расходите за финансирање (отплата на странски долг) и кај тековните трошоци (зголемени расходи за трансфери и отплата на камати).

Графикон 10
Вкупни расходи на централниот буџет
(во милиони денари)




*...додека на кумулативна основа забележаа пад од 16,4%*

Кумулативно анализирано, во периодот јануари-март 2003 година вкупните буџетски расходи се намалени за 16,4% во однос на истиот период од 2002 година и изнесуваат 14.120 милиони денари. Најголемо намалување бележат капиталните трошоци (за 71,4%), што услови пад на нивното учество во вкупните расходи (за 6,1 процентен поен). Истовремено, тековните трошоци забележаа пад од 12,0%, кој првенствено се должи на намалените трошоци за стоки и услуги.